ИНСТИТУТ
ЗА ЕКОНОМСКИ
СТРАТЕГИИ И
МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ
ОХРИД

**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА**

**25-ти октомври, 2012 година**

**ПРЕДМЕТ: "DOING BUSINESS" 2012 - РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**




Институтот за економски стратегии и меѓународни односи – Охрид ја има честа да го објави Индексот за водење бизнис за Република Македонија за 2012 година. Република Македонија е трета најдобра земја за водење бизнис во светот во 2012 година според податоците на Светска банка. Република Македонија е рангирана меѓу првите дваесет реформатори, односно меѓу 10-тото и 20-тото место во извештајот „Doing business” за 2012 година на Светска банка.

Република Македонија бележи напредок во рангирањето како резултат на континуираните реформи во шест од вкупно 10 индикатори што го следат времето и средствата потребни за исполнување на институционалните барања при започнување и водење компанија, прекугранична трговија, плаќањето даноци и затворање/ликвидирање компании, кои ги оценува Doing Business и врз основа на кои ги рангира економиите. „Doing business” обезбедуба објективни мерки за бизнис регулативи и нивно спроведување во 183 економии и избрани градови на субнационално и на регионално ниво. „Doing business ” ги поттикнува земјите да се натпреваруваат кон поефикасна регулатива, нуди мерливи критериуми за реформи и служи како ресурс за академци, новинари, приватниот сектор, истражувачи и други заинтересирани за бизнис клима во секоја земја. Покрај тоа, „Doing business” нуди детални субнационални извештаи, кои исцрпно покриваат деловни регулативи и реформи во различни градови и региони во рамки на една нација. Овие извештаи обезбедуваат податоци за полесно водење на бизнис, ранг на секоја локација и да препорача реформи за подобрување на ефикасноста во секој индикатор на области. На одредени избрани градови може да се споредат нивните бизнис регулативи со други градови во земјата или регионот и дека со вкупно 183 економии водењето на бизнис е рангирано. Република Македонија во извештајот за 2012 година опфаќа односно покрива 11 показатели и 183 економии.

Првичната цел на овој индекс е да обезбеди објективна основа за разбирање и подобрување на регулаторната средина за бизнис во целиот свет. Во регионот, Република Македонија, според Индексот за водење бизнис, е рангирана на 22-то место, за разлика од минатата година кога се наоѓаше на 34-то место, што значи дека годинава бележи напредок за 12 места во споредба со минатата година. Оваа година Република

Македонија е рангирана на 6-то место во делот за водење, односно започнување на бизнис, за разлика од минатата година кога и припаѓаше 5-то место. Што се однесува до показателот за справување со дозволи за градба, Република Македонија е рангирана на 61-то место, според регистрирање на имот се наога на 49-то место, во делот на добивање на кредит и припаѓа 24-то место, а што се однесува до заштитата на инвеститори го заседе 17-то место. 26-то место и припаѓа во делот на плаќање на данок, 67-та позиција и припаѓа во прекугранично тргување, што е скок за три места во однос на претходната година. Во делот за спроведување на договори ја завзема 60-та позиција, а во делот на решавање на прашањето за стечај и припаѓа 55-та позиција, за која нема промени во споредба со минатата година.
Најдобри годинава се : Сингапур, Хонконг, Нов Зеланд, Соединетите држави, Данска, Норвешка, Обединето Кралство, а во делот за започнување на бизнис Нов Зеланд ја превзема првата позиција во светот.

Економија преглед

Регион Источна Европа Водење на бизнис 2012 год. – 22 позиција- РМ

Данок на категорија Горен среден приход

Популација- население 2, 060,563

БНД – по глава на жител (УСД) **4,520.00**

| **Главни ранкови** | **2012 год. ранк** | 2011 год. ранк |
|---|---|---|
| **Започнување на бизнис** | **6** | 5 |
| **Започнување на бизнис** | **61** | 147 |
| **Електрична енергија** | **121** | 119 |
| **Регистрирање на имот** | **49** | 67 |
| **Добивање на кредит** | **24** | 45 |
| **Заштита на инвеститори** | **17** | 16 |
| **Плаќање на данок** | **26** | 24 |
| **Прекугранично тргување** | **67** | 70 |
| **Спроведување на договори** | **60** | 65 |
| **Решавање на стечај** | **55** | 55 |

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk